Република Северна Македонија
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ
МЕДИУМСКИ УСЛУГИ – СКОПЈЕ
Republika E Maqedonisë Së Veriut
AGJENCIA PËR SHËRBIME MEDIATIKE AUDIO
DHE AUDIOVIZUELE – SHKUP

| Примено / Pranuar: 29.11.2022 | | | |
|---|---|---|---|
| Организациона единица | Број / Numër | Прилог / Shtojca | Вредност / Vlera |
| 11 | 4426 | 1 | |

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Врз основа на член 28 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19) и Закон за изменување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РС Македонија“ бр.42/20 и 77/21), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**1. Програмскиот надзор се врши како:** **редовен**

**2. Субјект на надзорот:** Друштво за услуги СВОД МАСТЕР ДОО Скопје.

**3. Датум на извршување на надзорот:** 29.11.2022 година.

**4. Предмет на надзорот:** Редовниот програмски надзор ги опфаќа обврските на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање кои произлегуваат од член 49, член 50 и член 60 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

4.1. **член 49 – Обврска за кинематографски дела;**

„Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да објавуваат односно пренесуваат кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на правата“.

4.2. **член 50 – Заштита на малолетни лица;**

став (1) – „Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да емитуваат програми кои може сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или непотребно насилство“.

став (2) – „Непотребно насилство претставува ширење текстуални, вербални и визуелни пораки со кои, во термини од програмата што им се достапни на малолетниците се глорифицираат физички, вербални или психолошки облици на садизам или слични видови на насилство кое е цел самото за себе и на ниту еден начин не може да се оправда ниту преку контекст на жанрот, ниту преку мотивите на драмското дејствие на прикажуваната програма“.

став (3) – „Забраната од ставот (1) на овој член се однесува и на други програми кои веројатно би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, освен кога е обезбедено со нивното емитување или репризирање во одреден временски период и/или со примена на одредена техничка мерка, малолетните лица во периодот на емитување или репризирање нема на вообичаениот начин да ги слушнат или да ги видат тие програми. Кога вакви програми се емитуваат или репризираат во не кодирана форма, давателот на аудиовозуелни медиумски услуги е должен пред нивното емитување да обезбеди претходно акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во текот на нивното времетраење".

4.3. **член 60 – Промоција на производство и пристап до европски дела;**

став (1) – „Давателите на аудиовозуелни медиумски услуги по барање, тогаш кога тоа е изводливо и со соодветни средства, треба да го промовираат производството и пристапот до европски аудиовизуелни дела. Таквото промовирање може да се однесува, меѓу другото, на:

– финансискиот придонес за производство и стекнување на права за европски дела;

– застапеноста и/или поставеноста на европски дела во каталогот со програми.

став (2) – На барање на Агенцијата давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни во рокот утврден во барањето на Агенцијата да и достават документи во врска со имплементацијата на одредбата од ставот (1) на овој член.

**5. Констатации од надзорот:** **<u>При извршениот програмски надзор не се констатирани прекршувања.</u>**

5.1 Со писмен допис (наш бр.11-3963/1 од 26.10.2022 година), Агенцијата побара од Друштвото за услуги СВОД МАСТЕР ДОО во рок од 15 дена од денот на приемот на дописот да достави договори склучени со имателите на права за следниве кинематографски дела:

- ADULT BEGINNERS (акција/воен);
- THE DOORS (драма);
- NORTHERN SOUL (драма/музички);
- HEIDI (фамилијарен);
- SECRET LIFE OF MARILYN MONROE (биографски);
- DRAIN THE BERMUDA TRIANGLE (документарен); и
- CK2020 (македонски филм).

На ден 24.11.2022 година, Друштвото за услуги СВОД МАСТЕР ДОО до Агенцијата достави документација (наш бр.11-3963/2) од којашто беше констатирано дека правата за овие кинематографски дела се пренесени на давателот на аудиовизуелни медиумски услуги на барање од страна на имателите на права,

и дека нивното нудење во услугата видео на барање е согласно членот 49 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

5.2 Програмските содржини на барање што ги обезбедува СВОД МАСТЕР ДОО, а кои може сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, особено програмите кои содржат порнографија или непотребно насилство се претходно обезбедени со акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во текот на нивното времетраење, со назнака за возраста на лицата што може да ги следат.
Дополнително, СВОД МАСТЕР ДОО им овозможува на своите корисници да го ограничат пристапот до одредени програмски содржини на начин што ќе внесат четирицифрен код како услов за пристап до овие содржини.

5.3 Со увидот во каталогот бр.11-3896/1 што на 20.10.2022 година, СВОД МАСТЕР ДОО по електронска пошта го достави во Агенцијата, беше констатирано дека во понудата се застапени европски аудиовизуелни дела, и тоа долгометражни играни филмови, играна програма за деца, документарни и забавни емисии и друго.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**